Бр./Nr 12-1204/4
10-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1204/1 од 16.03.2026 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконито постапување и повреда на процедура при вршење на инспекциски надзор од страна на службени лица при Државниот пазарен инспекторат – -------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај во тек е постапка пред друг надлежен орган.

Предметот со број 12-1204/1 од 16.03.2026 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познат подносител, на ден 16.03.2026 година е поднесена пријава број 12-1204/1, со наводи за сомневање за незаконито постапување и повреда на процедура при вршење на инспекциски надзор од страна на службени лица при Државниот пазарен инспекторат.
Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на тоа дека при вршење на инспекциски надзор во на ден 27.02.2026 година, инспектори од Државниот пазарен инспекторат – ------- извршиле инспекциски надзор во угостителскиот објект на правното лице Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и услуги --------. -----, при што при увидот бил презентиран налог за инспекциски надзор кој не содржел пополнети основни елементи (назив на правното лице, предмет на надзорот,

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

законска основа и причина за контрола), а инспекцискиот надзор следел веднаш по претходно поднесена жалба на подносителот против постапувањето на инспекторатот, поради што подносителот смета дека постои основано сомнение за селективно постапување, злоупотреба на службени овластувања и притисок врз правниот субјект.
Истата пријава истовремено е доставена и до Инспекцискиот совет на Р.С.Македонија, Државниот пазарен инспекторат, Министерството за економија, Народниот правобранител, Државната комисија за спречување на дискриминација и Министерството за внатрешни работи – СВР -------.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Министерството за внатрешни работи – Сектор за внатрешни работи ------.
По разгледување на добиените информации, утврдена е следната фактичка состојба: СВР ------ извести дека од нивна страна е постапено по поднесени пријави против правното лице -------- и управителот ------, како и по поднесената пријава и жалба за незаконито постапување при инспекциски надзор од Државниот пазарен инспекторат – ------, поднесена од -------- против ДПИ ------, при што целокупната документација од нивна страна е доставена до надлежното Јавно обвинителство во -------, за нивна понатамошна надлежност и постапување.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот – за предметниот случај во тек е постапка пред друг надлежен орган - Јавното обвинителство во ------, до кое СВР ----- ја доставила целокупната документација, каде постапката е во тек.
Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,
Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar

Доставено до:
- подносителот на пријавата